# НОВИНАР СИ ДАДЕ ОТКАЗ ОД СЛОБОДЕН ПЕЧАТ, ОТКАКО РЕДАКЦИЈАТА ИЗБРИШАЛА ТЕКСТ ПОВРЗАН СО ВЛАДАТА, ДЕСТАНИ И РУДНИЦИТЕ

Share

Tweet




Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) и Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) остро ја осудуваат срамната постапка од страна на медиумот ,,Слободен печат” да избрише текст кој го уредил и објавил колегата новинар и уредник Жарко Настоски.

Станува збор за текст со наслов „Владата полутајно му дозволила на милионерот Дестани да ги спои концесиите за рудник во Струмичко“, кој што беше објавен на 05.07.2023 (среда) од страна на ,,Слободен печат”, а во кој се пишува за тоа дека владата дозволила спојување на концесиите за рудниците

во Иловица и Штука во Струмичко. Неколку часа по објавувањето текстот беше избришан, а линкот беше неактивен.

Ваквата срамна постапка сама по себе претставува скандал и грубо прекршување на слободата на говор и професионалното новинарство.

Новинарите се должни да објавуваат информации што содржат сомнеж за злоупотреби на сите носители на јавни функции, бидејќи на тоа ги обврзува новинарскиот Кодекс во кој јасно стои дека новинарот ќе ги почитува законите во државата, но нема да објави или сокрие ништо што е во спротивност со јавниот интерес.

Оттука сакаме да потсетиме дека цензурата во Македонија е забранета со Устав и тоа е јасно пропишано во членот 16 од Уставот на РСМ.

ЗНМ и ССНМ како еснафски организации кои ги штитат правата и интересите на новинарите и медиумските работници во земјава му даваат целосна поддршка на колегата Настоски и потенцираме дека неговата реакција на оваа цензура е пример за одбрана на новинарскиот интегритет.

ЗНМ и ССНМ со своите адвокатски тимови стојат на располагање на колегата Настоски за бесплатна правна помош.

Администратор 07/07/2023 05:20

## ПОВРЗАНИ СТАТИИ




**Да се продолжи со дијалогот, велат од Стејт департментот на прашањето дали САД добиле гаранции од Софија дека нема да има ново вето за Македонија (/Home/PostDetails?PostId=550499)**




**Дваесет и две години од загинувањето на армиските резервисти кај Карпалак (/Home/PostDetails?PostId=550489)**




**Османи вели дека пропагандата била пуштена на најјако против Уставните измени, додека Бугарија упати серија навреди на Илинден за Македонија (/Home/PostDetails?PostId=550487)**




**Власта го поместува рокот како што и одговара: Последниот рок за уставните измени е крајот на мандатот, вели Османи (/Home/PostDetails?PostId=550483)**



**Пендаровски издаде наредба за подготовка на контингент војници и средства за помош на Словенија (/Home/PostDetails?PostId=550470)**



**Неонатолозите апелираат вработените мајки да го користат правото на пауза за доење на своите новороденчиња (/Home/PostDetails?PostId=550450)**



**100 припадници на АРМ ќе бидат пратени на испомош во Словенија (/Home/PostDetails?PostId=550444)**



**И Сојузот на здруженија на пензионерите со сличен став како и партијата на пензионери која е на власт, не ги прифаќаат барањата на пензионерите (/Home/PostDetails?PostId=550442)**



**МВР му поднесе пријава на Градоначалникот на Кочани за исто дело како што сторил Мерко, а за него нема кривична (/Home/PostDetails?PostId=550432)**

Makpress.mk
47,713 followers

Follow Page Share

Makpress.mk
14 minutes ago

Ги охрабруваме владите на Македонија и Бугарија да продолжат со нивниот билатерален дијалог за решавање на разликите, изјави за Гласот на Америка

Вестите, содржините и фотографиите на интернет страницата MakPress.mk може да се користат само за лично информирање.
Не е дозволено превземање, користење, пренесување и реобјавување на вестите, содржините и фотографиите без посебна дозвола или склучен договор со MakPress.mk